# Редовен административен надзор врз Телевизија 3, ТВ Ирис, ТВ Канал Вис, ТВ Кисс&Менада, ТВ Полог и ТВ Шутел

**Скопје, 3 септември 2020 година** – За законските обврски коишто се однесуваат на објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни на корисниците и за објава на идентификација на радиодифузерот, редовен административен надзор е извршен врз телевизиите коишто емитуваат програма на регионално ниво Телевизија 3, ТВ Ирис, ТВ Канал Вис, ТВ Кисс&Менада, ТВ Полог и ТВ Шутел.

При надзорот е утврдено дека ТВ Ирис, ТВ Канал Вис и ТВ Шутел на емитуваната програма 10 август не им овозможија на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап до податоците за адреса на седиште, контакт и одговорно лице на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга и податок за надлежното регулаторно тело.

Кај ТВ Полог и ТВ Ирис е утврдено дека во дел од програмата не се објавени податоците за импресум со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини.

**Извештаите од извршените надзори се достапни на следните линкови:**

ТВ Ирис – (прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ) – 03.09.2020

ТВ Ирис – (прекршување на член 14 од Законот за медиуми) –

03.09.2020

ТВ Канал Вис – (прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ) – 03.09.2020

ТВ Шутел – (прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ) – 03.09.2020

ТВ Полог – (прекршување на член 14 од Законот за медиуми) – 03.09.2020

Телевизија 3 – (член 14 од ЗМ, член 51 став 1 и член 97 од ЗААВМУ) – 03.09.2020

ТВ Кисс&Менада – (член 14 од ЗМ, член 51 став 1 и член 97 од ЗААВМУ) – 03.09.2020